# POLITICS, CORONAVIRUS (COVID-19) AND ECONOMIC THREATS

**Ali Hajro**
Ministry of defence, Army of the Republic of North Macedonia, Military Academy " gen. Mihailo Apostolski", Skopje, N. Macedonia, alihajro@hotmail.com

**Abstract:** Politics should be about the function of rehabilitation and not about the protagonism and exploitation of this pandemic of populism.
The challenges are great and we need to learn from the experiences of different countries. The economy and the economic development must be a priority and only in this way can the negative effects be minimized.
The political agenda in no way interferes with the steps needed to be taken during the pandemic, in an economic sense. This shows that the current governments did not take enough responsibility for economic health, even though more effective steps should have been taken.
We live in a time of great political, national, economic, cultural, and other processes with different perspectives on resolving issues that are crucial for the future of humanity, primarily from a political, economic, and social aspect.
Among the dependence of internal and external contradictions, especially the appearances of internal and external systemic factors that will lead to the isolation of some conflicts, indicate that the modern world is in social, political, and security instability.
**Keywords:** politics, economy, security, threats.

# ПОЛИТИКАТА, КОРОНА ВИРУСОТ (COVID 19) И ЕКОНОМСКИТЕ ЗАКАНИ

**Али Хајро**
Министерство за одбрана, Армија на Република Северна Македонија, Воена академија "ген. Михаило Апостолски", Скопје, С. Македонија, alihajro@hotmail.com

**Резиме:** Политиката треба да биде во функција на санација и не во функција на протагонизам и експлоатација на оваа пандемија за популизам. Предизвиците се големи и треба да учиме од искуствата на различни земји. Економијата и економскиот развој мора да бидат приоритет и само на овој начин може да се минимизираат негативните ефекти.
Политичката агенда на ниту еден начин не ги попречувала чекорите што требало да се преземат за време на пандемијата, во економска смисла. Ова покажува дека актуелните влади не доволно преземаа одговорност што ја имаа за економското здравје иако требаше да се преземат поефикасни чекори.
Живееме во време на големи политички, национални, економски, културни и други процеси со различни погледи за решавање на прашањата кои се од судбинско значење за иднината на човештвото пред се од политички, економски и социјален аспект.
Меѓу зависноста на внатрешните и надворешните противречности, посебно појавите на внатрешни и надворешни системски фактори кои ќе доведат до изолирање на некои конфликти, укажуваат дека современиот свет се наоѓа во општествена политичка и безбедносна нестабилност.
**Клучни зборови:** политика, економија, безбедност, закани.

## 1. ВОВЕД

Сведоци сме на горчлива реалност создадена од корона вирусот. Мора да признаеме дека целиот свет влезе во економска криза. Политичката нестабилност во психолошка смисла ја гуши надежта на граѓаните поради несоодветни и не преземање на брзи чекори за ублажување на економијата.
Многу процеси биле заложници на ваквиот политички дискурс. Она што најмногу загрижува е дека пандемијата како пандемија е политизирана.
Целата на овој труд е да покажеме дека оваа политичка состојба што владееше во светот доведе до недостаток на стратегии за излез на проблемите со кои се соочува економија за време на пандемијата на корона вирусот но дека сепак со добро лидерство и донесување на брзи одлуки може да се надмине.
Политичката агенда на ниту еден начин не ги попречувала чекорите што требало да се преземат за време на пандемијата, во економска смисла. Ова покажува дека актуелните влади не доволно преземаа одговорност што ја имаат за економското здравје иако требаше да се преземат поефикасни чекори.

## 2. ПОЛИТИКАТА И КОРОНА ВИРУСОТ (COVID 19)

Бидејќи негативното влијание на корона вирусот (COVID-19) врз економијата расте од ден на ден, лидерите на најразвиените земји во светот треба да продолжат да работат на мапа за глобален одговор на пандемијата. Исто така централната банка и Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) предвиде дека глобалната економија ќе се намали за 3 проценти во 2020 година поради пандемијата. Последниот извештај на ММФ истакна дека „оваа година глобалната економија најверојатно ќе ја доживее најлошата рецесија од Големата депресија, надминувајќи го искуството за време на глобалната финансиска криза пред една деценија“[16].

Најмоќните светски сили признаваат дека немаат соодветен план но никогаш не планирале од овој аспект да имаат вакви економски истражувања со децении за тоа што да правиме во ваква ситуација, на светот му треба нов политички механизам и создавањето на таков механизам кој ќе може да се соочи со вакви мегаломански проблеми кои би биле систематски решени.

Прашањето за координација на светските политики, сега е како да се дизајнира глобалниот економски одговор, бидејќи одредени држави дури сега сфаќаат колку длабока може да биде оваа криза.

Пандемијата ќе го погоди посилно светот во развој. Затоа корона вирусот (COVID-19) бара глобален одговор, како во однос на здравствената, така и во економската реакција.

Дел од работните места се затворени, се работи на далечина, ако се види социолошкиот дел, работата на далечина е неопходна, но тоа создава дехуманизација! Светот веќе се соочува со предизвиците со кои сме запознаени како што се: климатските промени, финансиските концентрации, економскиот развој, нееднаквост во економскиот раст и информатичката технологија. Но, оставајќи ги настрана сите предизвици, феноменот што се појави на хоризонтот е како да се заштити човековото здравје од корона вирусот (COVID-19)? Она што можеме да го потврдиме е дека се судираат нова форма на социјална заштита (здравство) и борбата за либерален светски поредок.

Денес, либералната држава за социјална помош не сака или не се двоуми да се соочи со предизвиците, на економско ниво за унапредување и заштита на слободната трговија и на политичко и социјално ниво индивидуалните права пред секое државно посредување. Корона вирусот кој одзема човечки животи на почетокот се земаше како креирање на фама непотребно и не вистинито, но по месец два веќе ги покажа своите први и вистински проблеми во економијата.

Доколку либералните демократии сакаат да продолжат да ги унапредуваат своите граѓани, им треба нова форма на социјална заштита (здравје). И, за да можат да си ја дозволат оваа реформа, тие мора да го охрабрат она што општеството сака да го промовира и да обесхрабри што му штети. Станува збор за решавање на ова прашање преку интегрирање на големите промени што го заоструваат системот на социјална држава и здравствениот систем.

Се поставува прашањето економија или живот? Се подразбира пред се е здравјето, како невидлива основа на пазарот. Дилемата е неспоредлива. Денес е неподносливо да се жртвуваат животите на стари лица и погодените или да се жртвува економскиот опстанок на многу млади луѓе и приватни фирми. Затоа, вината лежи во политичарите, финансиските центри, големиот бизнис, кои сите се собраа за да промовираат политики што драстично ги намалуваат буџетите за јавните услуги, од образование до здравствена заштита, со што нелогично ги игнорираат, а сето тоа драконски буџетните ставки беа скратени особено за здравството и за образованието.

Мора да размислиме дека либералната реформа на државата за социјална помош поминува низ здравствена заштита и усовршување на здравствениот систем што станува сè поскап. Државите треба да вложат повеќе во колективна заштита за оние што ја финансираат, придонесуваат и да им помогнат на оние кои повеќе финансираа и сега имаат поголема потреба.

## 3. ЕКОНОМСКИ ЗАКАНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА

Најевидентни и најимпресивни, истовремено и најмоќни основи на економските закани во светскиот простор се што по пандемијата како сето тоа ќе може да го доведеме во првобитна постапка а исто да го доведеме придвижувањето да биде со иста брзина која беше пред пандемијата, тоа треба да го придвижат ефективните лидери на по развиените држави. Но сето тоа тие не би можеле сами да го направат ако не ги споделуваат информациите и немаат долгогодишен план за излегување од овој процес со што е можно помали загуби.

Од тој аспект евидентен е процесот на настанување на новиот светски економски поредок, зошто ќе има големи компании како што се фармацеутските компании кои ќе профитираат премногу додека ќе има

[16] https://www.aa.com./sq/ekonomi/bota-kthen-syt%C3%AB-kah-lidershipi-i-g20-t%C3%ABs-p%C3%ABr-reagim-global-ndaj-covid-19/1805152.

големи компании кои ќе банкротираат. Развојот на глобалната светска економија ги диктираат законитостите на пазарната економија, што на капитал - системот му овозможува ширење и доминација на светските економски простори истовремено пробивајќи се како најмоќна сила и средство во реализирањето на глобалната стратегиска цел.

Изборот на средства и методите на стратегиската практика бил соодветен на степенот на цивилизацискиот развој со димензија од непосредна примена на политичките, економските, социјалните, воените средства и стратегиите на непосредно настапување на самата криза. Кога би ги анализирале економските ризици и моменталната состојба која ни го диктира корона вирусот ќе видиме дека имаме доста преплетени системски проблеми кои за жал не се доволно соодветни преземени мерки во минатото за да имаме што е можно помалку последици. Како причинител поради што е најлесно да се види и целта, односно идејата која сакаме да ја реализираме дали тоа е од лични причини или последиците која организацијата ни е доверена, како ќе стигне до целта. Секогаш малите корпорации ги гледаат работите по случувањето на некоја случка моменталните причини, но многу ретко го гледаат проблемот вистински и од каде е изворот на самиот проблем а не од каде потекнува тој проблем, вистинските причинители и сето тоа секој пат треба да ни биде научена лекција.

Економски закани за безбедноста се прикажува на сличен начин на кои тоа се чини и во другите по малце развиени економски држави. Таа се перципираа како пожелен процес, кој треба на соодветните држави да им го обезбеди "местото под сонцето", т.е. во заедницата на развиените демократии, иако има држави кои не се демократски но нивната економија се придвижува со светлосна брзина. Една од економските закани за безбедноста за една држава е дека голем проблем е спротивставеноста и некомпатибилноста во односите помеѓу политичките одлуки која ги носи една влада без претходно добро да ги анализира точните ризици од каде доаѓаат.

Од следниве причини ризикот од глобалната светска пандемија сепак не може да се отфрли, а се повеќе се соочуваме со кризите кои ги носи корона вирусот, Обединетите нации треба со по решителни чекори и одговорност да преземаат мерки за спречување на вакви и слични проблеми. Не постои единствена институција или држава кој не може да ја поднесе одговорноста за глобалното творење, исто така не постои единствена стратегија што би била применлива за творење на мирот за сите економски закани за безбедноста на државите. Невозможна е хегемонија и доминација на ниту една од големите корпорации над останатите. Насилните економски ризици од различен вид ќе доминираат и во наредните години и декади поради бројни неразрешени состојби меѓу државите. Покрај тоа ќе бидат неопходни широк спектар на техники, средства и помагала за справување со комплексноста на вакви предизвици.

Денес меѓународната заедница се соочува со многу поширок спектар на закани кои произлегуваат од пандемијата и кои имаат големи фактори кон економијата и кон безбедноста.

Во тој контекст според мене тоа го овозможуваат трите регионални економски интеграции НАФТА, АПЕК и Европската Унија, кои претставуваат три основни глобални економски фундаменти на незапирливиот процес на економската глобализација на светскиот простор, каде тука треба да се спомене и како единка настапувањето вон сите овие организации за да може да го освои системски светскиот пазар самостојно е Република Народна Кина. Освен економската, тие имаат и политичка интегративна конотација. Тоа е оттаму што земјите што партиципираат во регионалните економски интеграции во асоцијативниот процес кон рамноправно членство, покрај основниот критериум за реформирање на нивните економии врз пазарните законитости, се условени и со спроведување на соодветни политички реформи што се темелат на принципите на либералната демократија, иако некои држави вешто го избегнуваат тоа. Оттука, регионалното економско интегрирање е во функција на ширење и на политичката димензија на глобализацијата на тие простори.

Бидејќи трите регионални економски интеграции, од организациски и функционален аспект, се засновуваат на исти законитости на развојот, темелите анализи на актуелните состојби и процеси во нив, укажуваат на фактот дека тие не се далеку, најверојатно ќе пробаат да се интегрираат но сето тоа да не биде на хартија поради нивните лични интереси, прераснувајќи во една мегаломанска светска економска и политичка моќ на капиталот и системот.

Однапред изнесеното произлегува дека секоја економска закана за безбедноста од држави во основа е деструктивен, турбулентен и придружен со примена на висок степен на насилство кое доколку навреме не се елиминира преку преземање на превентивни мерки за целосна елиминација на причините што ги продуцираат може да прерасне во системски проблем и последиците можат да бидат непредвидливи и непроценливи по политичките, економските, социјалните на една држава. Државата треба да биде слухот што ќе го поседува за грижите и потребите на граѓаните. На овој план и меѓународната заедница треба да изгради и да ги усовршува методите и средствата за превенција како што е моментално корона вирусот,

односно елиминирање на условите кои ги продуцираат истите преку органите на Обединетите нации кои воспоставуваат институции кои ги следат состојбите и предлагаат мерки за нивно елиминирање, како што е тоа случај со нуклеарното вооружување, меѓународниот тероризам, трговија со нуклеарен отпад и друго, а во таа смисла овие институции ги опремува со најсовремени софистицирани средства.

Реализирањето на економските ризици не може да се остварува само по себе, туку затоа се потребни, соодветно дозирани интервентни мерки од арсеналот на силите и средствата за да се минимизираат последиците. Тие со брзото напредување речиси целосно ја менуваат постојаната светска структура, посебно на светските економски закани за безбедноста, пробивајќи се на тој начин како моќен фактор на глобализацијата на светскиот економски простор станувајќи нејзин основен фундамент.

Развиените земји своите развојни напори ги фокусираат во насока на информативното општество, бидејќи предноста во производството и примената на информатичките технологии станува стратегиски важна и е клучен показател на успешноста но сепак има и големи закани по безбедноста.

Стратегиската определба на регионалниот пристап во ширењето не би можела да ја реализира, ако освен примената на политичките и воените средства како стабилизатори на чувствителните состојби на тие простори не би ги примениле и економските средства. Покрај финансиските инјектирања од страна на ММФ и на Светска Банка (СБ), кои се во функција на структурно реформирање и приспособување на економиите на Земјите во транзиција за приклучување кон евро - интеграциониот процес, европската финансиска донација и кредитирање под најповолни услови, кај земјите на Југо - Источна Европа ја зголемија надежта дека се создаваат реални перспективни за нивно асоцирање на евро - просторот.

Во однос на глобализацијата како предизвик на економски закани за безбедноста за една држава се од особена важност како што е избегнувањето на негативните ефекти на двата процеса. Во исто време нејзините потенцијално позитивни ефекти се крајно пожелни. Задачата е несомнено многу тешка, но понекогаш се чини тешкотии има дури и кога треба да се утврдат кои се негативните, а кои позитивните ефекти од глобализацијата.

Факт кој уште повеќе загрижува е што огромните транснационални компании стануваат се позначајни и помоќни од демократски избраните влади, така што интересите на сопственикот ги ставаат над интересите на поедини заедници или потрошувачи.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Економијата не беше во состојба да ги ублажува економските и социјалните проблеми што се забележува во последните години.

Ако имаше подобра меѓу политичка конфронтација, вниманието несомнено ќе беше уште поголемо и поефикасно во економска смисла, но за жал дејствувањето во политички поларизиран амбиент, во сите држави кој не ја изразува својата подготвеност да излезат надвор од нивните рамки при преземањето на посмели одлуки за да и помогне на економијата на земјата и на останатите. Владите треба да преземаат посмели чекори, луѓето имаат идеи, бизнис заедницата има планови, но под овие финансиски услови посебно банкарскиот систем, невозможно е да се активираат развојните мотори на економијата.

Економските здруженија од друга страна, побараа од институционални лидери да се фокусираат на економијата и нејзиното закрепнување од загубите што ги предизвика корона вирусот и побараа од институциите да покажат силна волја и сериозна посветеност за постигнување општа политичка стабилност.

Политичката стабилност е клучна за зајакнување на домашните инвестиции и привлекување странски инвестиции и во време на вакви пандемии.

## ЛИТЕРАТУРА

Davis, M. (1994). Managing Corporate Culture", Cembridg M, p. 17-25.

Daft, R. L. (n.d.). Organization Theory and Desing, Fourth Edition, West Publishing, Company, Saint Paul ect, https://www.aa.com./sq/ekonomi/bota-kthen-syt%C3%AB-kah-lidershipi-i-g20-t%C3%ABs-p%C3%ABr-reagim-global-ndaj-covid-19/1805152.

Druce, P.F. (1974). Management Task, responsibilities, Practices (New York: Harper & Roëw) p.78.

Jones, G.R., & George, J. M. (2003). Contemparary Management, Third Edition, McGraw-Hill Irwin; p.219.

Karabag, S. F. (2020). An unprecedented global crisis! the global, regional, national, political, economic and commercial impact of the coronavirus pandemic. Journal of Applied Economics and Business Research, 10(1), 1-6.

Massic, J. L., & Douglas, J. (1993). Managing: A contemporary Introduction, EngleWood Cliffs, N.J. Prentace Hall, p. 24.

Mulder, N. (2020). The Coronavirus War Economy Will Change the World. Foreign Policy.

Muzakki, F. (2020). The Global Political Economy Impact of Covid-19 and The Implication to Indonesia. Journal of Social Political Sciences, 1(2), 76-92.

Schein, E. (1991). " Organizational Culture and Leadership", San Francisko Josse-Bass Pub, p. 36-47.

Stock, J. H. (2020). Reopening the Coronavirus-Closed Economy (Vol. 60). Tech. rep., Hutchins Center Working Paper.